

Со указ на претседателот на Украина Виктор Јушченко нашиот најпознат скулптор и академик Томе Серафимовски ја доби украинската државна награда „За заслуги"од трет степен. Ова виско признание на академик Серафимовски му се доделува за успешно изработената спомен биста на Тарас Шевченко (1814-1861) основоположник на новата украинска книжевност, поет романсиер, романтичар, револуцунер , кој покрај сето ова се занимаваше и со сликарство. Според указот на украинскиот претседател, Серафимовски е особено заслужен за афирмација на украинската култура историско наследство и меѓународниот авторитет на Украина, земја која веќе 18 години постои како независна.

Високото одликување на академикот му беше врачено лично од украинскот амбасадор Јуриј Гоначрук, во просториите на украинската амбасада.

Гончарук при доделувањето го исткна своето големо задовослтво што присуствува на еден таков настан, којшто всушност е доказ за големото пријателство кое што постои помеѓу двете братски земји.  А  оваа награда освен за генијот Серафимовски  е награда

и за сите оние кои допринеле за афирмација на Шевченко.

-Искрено сум радосен што можам да ве поздравам во Амбасадата на Украина во Р.Македонија. Нема да ги прикривам своите чуства и ќе речам отворено: извонредно сум задоволен што вие одговоривте на нашата покана и што на оваа малечка територија се сконцентрира толку силен интелектуален потенцијал којшто е вреден за Гинесовата книга на рекорди. Настанот, којшто не собра сите тука, е достоен на завршување на работата којашто ги собра околу благородната цел напорите на многуте денешни гости – луѓето од разни професии и наклоности, социјален и функционален статус. Голема почит кон нив за тоа. Мене денес ми причинува голема чест од името на Украинската држава на Томе Серафимовски да му врачам една од највисоките нејзини награди – орденот за заслуги. Го гледам овој настан како уште еден приказ за односите на пријателството и соработката меѓу нашите народи и држави, како награда не само за Томе Серафимоски, туку и за сите тие коишто помогнаа во овековечувањето на споменот на генијот на Украинскиот народ на македонска земја, рече Гончарук.
Тој исто така се осврна на делото и визиите на Шевченко,  кој иако никогаш не бил во Македонја, неговите идеи  секогаш биле присутни кај македонскиот народ.

